**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ**
**„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ**

# СТАТУТ

**НА**
**ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ**
**„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ**

**Скопје, ноември 2019**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.82/2018), како и член 3, став 2 и член 147 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425, 28 јуни 2019 година), согласно чл. 22, т. 23 од Статутот на Факултетот, Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, на седницата одржана на 15 ноември 2019 година го донесе следниов

# С Т А Т У Т

на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје.

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, органите и телата, овластувањата и начинот на работа и одлучување, студентското организирање, печатот, знаците и другите обележја на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), како и други прашања што се од значење за вршење на дејноста за која е основан.

За прашањата кои не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), Уставот и актите на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (во понатамошниот текст: МПЦ-ОА).

### Статус, основна дејност, улога и задачи

**Член 2**

Факултетот е највисока јавна духовно-просветна, високообразовна и научна установа на МПЦ-ОА во Република Северна Македонија за изучување и унапредување на православните богословски стручни и научни дисциплини.

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка дејност во научноистражувачкото подрачје хуманистички науки, во научното поле теологија, како и во сите научни области што се во врска со основната дејност на Факултетот.

На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со закон, Статутот, другите акти на Универзитетот и Факултетот.

Факултетот се грижи за воспитување на студентите во духот на светата православна вера.

Факултетот се грижи за подготвување на богословски наставен, научен и стручен кадар.

**Член 3**

Факултетот е под целосна духовна и канонска закрила на МПЦ-ОА.

Врховен покровител на Факултетот е (*ex officio*) Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски.

Факултетот е придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје.

Положбата на Факултетот утврдена со овој Статут е во согласност со договор склучен помеѓу Универзитетот и Светиот архиерејски синод (во натамошниот текст САС) на МПЦ-ОА.

**Член 4**

Факултетот ја остварува дејноста од член 2 од овој Статут под непосреден надзор и грижа на САС на МПЦ-ОА.

МПЦ-ОА ја има контролата врз материјално-финансиското работење на факултетот.

**Член 5**

Секој православен христијанин, без оглед на неговата народност и државјанство, има право под еднакви услови да се запише на Факултетот и да се здобие со стручен, академски и научен степен.

Со одобрение на Поглаварот на МПЦ-ОА, студенти на Факултетот можат да бидат и лица од друга Православна црква и од друга вероисповед.

## Назив и седиште

**Член 6**

Полниот назив на Факултетот е: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, придружна членка.

Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје.

Називот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Orthodox Theology St. Clement of Ohrid in Skopje, accompanying member, Republic of North Macedonia.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Orthodox Theology St. Clement of Ohrid

Седиштето на Факултетот е на адреса: ул. „Загрепска“ бр.29, Скопје.

## Датум на основање

**Член 8**

Факултетот е основан со Одлука на САС на МПЦ-ОА бр. 360 од 22.07.1977 година, врз основа на член 66 точка 12 од Уставот на МПЦ-ОА, точка 4 од Резолуцијата на Црковно-народниот собор донесена на 30 октомври 1974 година, член 174 став 3 од Уставот на СФР Југославија, член 225 став 3 од Уставот на Р. Македонија, како и согласноста на Републичката комисија за односи со верските заедници бр. 05-78/2 од 5.07.1977 година, согласно членовите 18, 19, 20 и 21 од Законот за високото образование во Република Македонија.

## Својство на правно лице

**Член 9**

Факултетот има својство на правно лице како организациона единица во МПЦ-ОА.

Факултетот има свои посебни сметки за денарски и девизни средства.

**Член 10**

Факултетот е запишан во соодветните регистри што ги водат надлежните органи на Република Северна Македонија.

## Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот

**Член 11**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со Уставот на МПЦ-ОА, Статутот на Универзитетот, законот и овој Статут.

## Веб-страница на Факултетот

**Член 12**

Факултетот има веб-страница: www.pbf.edu.mk, на македонски и на англиски јазик на која задолжително се објавуваат:

1. статутот на Факултетот (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
2. решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
3. актот за систематизација;
4. деловникот за работа на Наставно-научниот совет;
5. извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
6. распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година;
7. прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;

8. прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
9. Етичкиот кодекс;
10. информации за студентите;
11. тековни активности;
12. друго.

Деканатската управа донесува акт за изгледот на веб-страницата, за информациите кои ќе се објавуваат, одговорни лица за доставување и за објавување на информациите и сл.

## II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА

**Член 13**

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

Членовите на академската заедница се должни да се придржуваат на одредбите на Етичкиот кодекс на Универзитетот

## III. ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

### Печат

**Член 14**

Факултетот има два печати:

1. сув печат со тркалезна форма, во средината со грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во внатрешниот ред: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Овој печат се употребува за издавање дипломи за трите циклуси на високо образование;
2. печат со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во внатрешниот ред: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

За печатите од ставовите 1 и 2 на овој член одговара службено лице на кое печатот му е даден на употреба.

Секој печат се регистрира во надлежните служби.

## Штембил

**Член 15**

Штембилот на Факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје - придружна членка, број ___,___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

## Знаци и други обележја

**Член 16**

Факултетот има амблем, знаме, инсигнии и одора.

Амблемот на Факултетот го содржи ликот на свети Климент Охридски. Над него полукружно е испишан натписот: „Православен богословски факултет – Скопје“.

Знамето е во црвена боја со амблемот од претходниот став, а од долната страна се наоѓа текстот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје - придружна членка.

**Член 17**

На Факултетот се установува одора за деканот и за продеканите која е пропишана со акт на Универзитетот.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и Универзитетот, како и при претставување на факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби, согласно со актите на Универзитетот.

**Член 18**

Факултетот има свои инсигнии кои ги утврдува Наставно-научниот совет, согласно со Статутот на Универзитетот.

Инсигниите за деканот на Факултетот ги содржат грбот на Универзитетот, грбот на МПЦ-ОА и амблемот на Факултетот.

**Член 19**

Факултетот може да има и други обележја.

**Член 20**

При употреба на симболите и на другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и симболите и обележјата и на Универзитетот и на МПЦ-ОА.

## Ден на Факултетот, награди и признанија

**Член 21**

Ден на Факултетот е 8 декември, денот кога се прославува празникот на свети Климент Охридски, патронот на Факултетот и на МПЦ-ОА.

**Член 22**

По повод јубилеи и други значајни настани, како и на промоции, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата ги утврдува Наставно-научниот совет.

## IV. МАТЕРИЈАЛНА ОСНОВА, УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ

### Средства за работа на Факултетот

**Член 23**

За извршувањето на својата дејност Факултетот добива средства од Буџетот на Република Северна Македонија, МПЦ-ОА, дотации и од други извори.

Факултетот ги користи средствата на начин определен со закон, со овој Статут и со други прописи.

Средствата на Факултетот можат да се користат само наменски.

### Вкупен приход и расход на Факултетот

**Член 24**

Вкупниот приход и расход на Факултетот се предвидува со финансискиот план на Факултетот.

Финансискиот план се донесува за една пресметковна година и важи за годината за која е донесен.

## V. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 25**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно уметничката дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно уметничката дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка, односно уметничка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на Универзитетот, а по овластување, и надвор од рамките на Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;

4. организира научни и уметнички собири, конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
5. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
7. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
8. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на Универзитетот;
9. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
10. организира стручна и административна служба, со ангажирање на лица, според потребите, по претходно добиена согласност за објавување на конкурс од страна на САС;
11. врши издавачка дејност;
12. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
13. реализира домашни и меѓународни проекти;
14. се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
15. ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
16. води евиденции согласно со Правилникот за водење евиденции за високото образование;
18. врши и други работи утврдени со закон, актот и препораките на основачот, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

**Член 26**

Високообразовната и научно-истражувачката дејност не смеат да бидат спротивни со учењето на светата Православна црква и со Уставот на МПЦ-ОА.

## VI. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 27**

За вршење на својата дејност, Факултетот може да ги основа следниве внатрешни организациони единици: институти, катедри, центри, стручна служба, библиотека и др.

## Катедри

**Член 28**

Катедрите се основни внатрешни наставно-научни организациони единици на Факултетот.

**Член 29**

Работата на Катедрите се уредува со Статутот на Универзитетот.

**Член 30**

На Факултетот се основани и функционираат следниве катедри:

1. библиска;
2. систематска;
3. пастирско-катихетска;
4. историско-правна.

## Лабораториски кабинет

**Член 31**

Лабораторискиот кабинет служи за изведување дополнителни видови настава и научноистражувачка работа.

## Археографска комисија

**Член 32**

Археографската комисија прибира ракописни и старопечатени книги во специјален библиотечен фонд при Факултетот. Таа води грижа за заштита на ракописните и старопечатените книги, како и за нивно проучување и презентација пред научната јавност.

## Институти

**Член 33**

Работата на институтите се регулира со посебен правилник.

## Стручна и административна служба

**Член 34**

Стручните и административните работи ги врши стручната и административна служба на Факултетот.

Во состав на Секретаријатот постојат два отсека:

1. отсек за студентски прашања;
2. отсек за материјално-финансиско работење.

Со службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот на Факултетот.

**Член 35**

Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот, а го потврдува САС на МПЦ-ОА.

За секретар на Факултетот се избира лице со завршен богословски факултет.

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот по предлог на деканот на Факултетот, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на Законот, актите на Универзитетот и овој Статут и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 36**

Секретарот на Факултетот:

1. се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на деканатската управа и наставно-научниот совет, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
2. по овластување на деканот, го застапува Факултетот во правните работи;
3. се грижи за исполнувањето и извршувањето на обврските на Факултетот во соработката на Факултетот со соодветните државни и општински органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката;
4. се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Службата на Факултетот;
5. го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Факултетот и ги известува за тоа;
6. му предлага на деканот решенија во врска со правата, должностите и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар од стручната и административната служба на Факултетот.

**Член 37**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба, како и овластувањата и правата и обврските на секретарот на Факултетот, се утврдуваат со актите на Универзитетот и на Факултетот.

## Отсек за студентски прашања

**Член 38**

Отсекот за студентски прашања:

1. го спроведува запишувањето на студентите и ја води целокупната евиденција во врска со студентите;
2. составува распоред на испитите;
3. врши работи во врска со заверувањето на семестрите;
4. издава потврди и уверенија на студентите;
5. ги подготвува дипломите;
6. води евиденција за материјалните обврски на студентите;
7. изготвува разни статистички извештаи за студентите;
8. врши и други работи.

## Отсек за материјално-финансиско работење

**Член 39**

Отсекот за материјално-финансиско работење:

1. го подготвува финансискиот план и се грижи за неговото остварување;
2. го евидентира имотот на Факултетот;
3. го користи и чува инвентарот и материјалите на Факултетот;
4. се грижи за одржување на зградата;
5. ги врши благајничките работи;
6. врши и други работи од областа на материјалното и финансиското книговодство.

Работите околу организацијата и начинот на работењето на Отсекот за материјално-финансиско работење поблиску се регулираат со посебен акт.

## Библиотека

**Член 40**

Библиотеката на Факултетот, како организациона единица во рамките на стручната и административна служба на Факултетот, учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за наставниците и научните работници.

Покрај Библиотеката на Факултетот постојат и легат – завештани и кабинетски библиотеки.

Евиденција и грижа, и за општата, и за легатите, и за кабинетските библиотеки, води библиотекарот на Факултетот.

Работата во библиотеката по правило ја врши библиотекарот, а со кабинетските библиотеки раководат наставниците.

На крајот од секоја учебна година тој е должен до Наставно-научниот совет да поднесува извештај за состојбата на библиотеката со каталог на новите изданија.

**Член 41**

Наставно-научниот совет може да иницира формирање на внатрешна организациона единица на образложен предлог од деканот и на Деканатската управа.

# VII. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

## Факултетско студентско собрание

**Член 42**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници од студентите од Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

**Член 43**

Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

**Член 44**

Изборите од член 43 од овој Статут, со одлука, ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Во одлуката од став 1 на овој член, деканот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите за членови на факултетското студентско собрание.

Одлуката се објавува на веб-страницата на Факултетот.

Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти.

Комисијата од став 3 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

**Член 45**

Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

**Член 46**

Факултетското студентско собрание содржи претставници на студентите.

Кандидатите за претставници во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година/програма се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание. Бројот на претставници по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии се утврдува со статутот на факултетското студентско собрание.

**Член 47**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избира претседателот и факултетското студентско собрание.

**Член 48**

Факултетот обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за претседател и факултетското студентско собрание.

### Заменик-студентски правобранител

**Член 49**

На Факултетот, од страна на факултетското студентско собрание, се избира заменик-студентски правобранител врз основа на објавен конкурс од редот на студентите од Факултетот, со мандат од две години, без можност за реизбор.

Заменик-студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.

Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница се должни да ги разгледаат укажувањата на заменик-студентскиот правобранител.

### Учество на студентите во управувањето

**Член 50**

Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира факултетското студентско собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

Претседателот на факултетското студентско собрание доставува потпишан записник и одлука за извршениот избор од став 1 на овој член и ја доставува до деканот во рок од 3 дена по извршениот избор.

## VIII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 51**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, Декан и Деканатска управа.

### Наставно-научен совет

**Член 52**

Наставно-научниот совет на Факултетот е орган на управување и стручен орган.

**Член 53**

Членови на Наставно-научниот совет се: редовните и вонредните професори и доцентите, кои се во редовен работен однос на Факултетот, Претставник на САС на МПЦ-ОА, како и претставници кои ги избира факултетското студентско собрание.

Членови на Наставно-научниот совет се и наставниците кои привремено се упатени на друга должност, а остануваат и понатаму кадри на Факултетот.

Членови на Научниот совет се лица избрани во наставно-научни звања.

Бројот на претставниците од редот на студентите не може да биде помал од 10 % од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет, односно претставува првиот нареден цел број од 10 %. Бројот на студентите во Наставно-научниот совет е променлив во зависност од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет.

Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е две години.

Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

**Член 54**

Претставниците на студентите се избираат од факултетското студентско собрание од студентите на прв и втор циклус студии.

Промената на бројот на претставниците се констатира при утврдувањето на кворумот на седница на Наставно-научниот совет, односно најмалку еднаш годишно.

**Член 55**

Присуството на седниците на Наставно-научниот совет е задолжително.

Членовите избрани во комисиите и телата на Наставно-научниот совет имаат право и обврска да учествуваат во нивната работа.

**Член 56**

Наставно-научниот совет, за студиските програми од втор циклус, може да формира наставно-научни колегиуми со кои раководат координатори.

## Надлежности и одлучување на Наставно-научниот совет

**Член 57**

Наставно-научниот совет:

1. донесува статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан кој го потврдува САС, и го известува Универзитетскиот Сенат;
4. избира продекани кои ги потврдува САС;
5. избира членови во Сенатот;
6. му предлага на САС студиски програми, коишто се испраќаат на понатамошна постапка по одобрување од страна на САС;
7. донесува програма за научноистражувачка работа, односно уметничка работа;
8. врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во наставно-стручни звања: лектор и виш лектор, во научни звања, во соработнички звања, уметнички и стручни соработници и демонстратори кои ги потврдува САС;
9. предлага до САС број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус студии;
10. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
11. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај);
12. одлучува за воведување на партипација, кофинансирање и целосно покривање на трошоците за студирање и го утврдува нивниот износ;
13. му предлага на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со закон;
14. ги донесува општите акти на Факултетот;

15. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот и уметничкиот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
16. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката, уметничката и применувачката работа и за компјутерската мрежа;
17. избира и разрешува секретар на Факултетот;
18. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација што го донесува Националниот совет за високото образование и Упатството на Универзитетот;
19. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со овој Статут;
20. одлучува за организирање на меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично;
21. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
22. ја разгледува иницијативата за предвремено престанување на избор;
23. одобрува отсуства од работа на наставниот и соработничкиот кадар;
24. утврдува потреба од нови наставници и соработници;
25. распишува конкурс за избор во наставно-научни/научни и соработнички звања и засновање на работен однос, исклучиво за дипломирани теолози по претходно добиена согласност од страна на САС;
26. им дава согласност на наставниците и соработниците за изведување настава на друг факултет;
27. дава согласност наставниците и соработниците од Факултетот да можат да изведуваат настава на друг универзитет;
28. одлучува за доделување на титулата почесен доктор на богословски науки;
29. избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
30. избира членови на дисциплинската комисија за одговорност на студентите;
31. по претходно добиено одобрение од Деканската управа поканува визитинг-наставници, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
32. склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;
33. одлучува за склучување на договори за двојна диплома (*double degree*) или заедничка студиска програма (*joint degree*) согласно со Законот за високото образование;
34. организира различни облици на неформално учење согласно со Законот за високото образование;
35. донесува одлука за вклучување на визитинг-наставници од странство согласно со Законот за високото образование;
36. избира членови на рецензентски и други комисии;
37. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан;
38. формира изборна комисија за спроведување постапка за избор на декан;
39. донесува деловник за работа на органите и телата на Факултетот;
40. го разгледува извештајот за работа од заменик-студентскиот правобранител;

41. на наставникот кој не го исполнува минималниот број на часови при утврдување на наставна дејност за учебната година/семестар со одлуката за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата), му определува (доделува) часови на настава од сродна научна област. Вкупниот број на часови настава, по можност, се распределува рамномерно;
42. Согласно Уставот на МПЦ-ОА донесува одлука за основање друга организација согласно со закон;
43. врши и други работи утврдени со закон, Уставот на МПЦ-ОА, Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

За работите од ставот 1, точки 1, 3, 4, 5 и 8 на овој член, Наставно-научниот совет совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Советот.

**Член 58**

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

За избор и разрешување на: декан, продекани и за избор на сенатори, Наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање.

Наставно-научниот совет, со јавно гласање, може да одлучи да се спроведе тајно гласање и за прашања за кои се гласа јавно.

При изборот во наставно-научни, научни и соработнички звања, како и демонстратори, не учествуваат студентите.

**Член 59**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

Ако во рок од 5 дена од поднесеното барање, деканот не свика седница на Наставно-научниот совет, седницата ја свикува еден од продеканите, односно најстариот професор.

**Член 60**

Свикувањето на седниците на Наставно-научниот совет се врши со покана.

Поканата за седница се доставува, по правило, најмалку три дена пред одржувањето на седницата.

Со поканата за свикување седница се доставува и материјалот за седницата.

**Член 61**

Наставно-научниот совет работи според дневен ред.

Дневниот ред го предлага деканот, а го утврдува Наставно-научниот совет на почетокот на седницата.

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти, за кои е предвидено тајно гласање. Наставно-научниот совет, за прашања за кои се одлучува со јавно гласање, може да одлучи да спроведе тајно гласање.

Записникот на седницата на Наставно-научниот совет го води секретарот на Факултетот.

Записникот од седницата се поднесува на усвојување на наредната седница.

Усвоениот записник (во два примероци) го потпишуваат деканот и секретарот, од кои едниот се чува кај деканот, а другиот кај секретарот.

**Член 62**

Факултетот, од редот на професорите, со тајно гласање избира еден претставник во Сенатот на Универзитетот.

Предлозите на кандидати за членови на Сенатот ги поднесуваат катедрите.

Мандатот на членовите на Сенатот на Универзитетот трае три години, со право на уште еден последователен мандат.

Избрани се оние кандидати кои добиле мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку се пријавени повеќе кандидати и во првиот круг не е избран кандидат, гласањето се повторува, при што секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови.

Ако во случајот од претходниот став на овој член не е избран кандидат, постапката за предлагање се повторува.

**Член 63**

За проучување на одделни прашања Наставно-научниот совет формира постојани или повремени комисии.

Траењето на мандатот на комисиите, составот и нивните задачи се утврдуваат со одлуката за нивно формирање.

## Декан

**Член 64**

Деканот е раководен орган.

Деканот на Факултетот е самостоен во вршењето на работите од својот делокруг. За својата работа е одговорен пред Наставно-научниот совет на Факултетот.

Деканот за својата работа поднесува годишен извештај до Наставно-научниот совет и до САС на МПЦ-ОА.

Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со овој Статут.

Деканот, во рамките на своите овластувања, може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите или на друго лице.

Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Деканот, покрај работите од својот делокруг, ги врши и работите на своето постојано работно место на Факултетот.

## Надлежност на деканот

**Член 65**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на САС на МПЦ-ОА;
2. ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
3. ги извршува одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа;
4. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачката дејност;
5. ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
6. ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;
7. на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
8. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања, најрано 7, а најдоцна 6 месеци пред истекот на времето за коешто се избрани;
9. одлучува по барањата на наставниците да не се продолжи рокот за распишување на конкурс за избор во звања за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон;
10. ги промовира студентите што завршиле прв и втор циклус студии и доделува награди;
11. управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со овој Статут;
12. покренува образложена иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
13. потпишува уверенија и други документи што се издаваат за студентите во текот на трите циклуси на студии и по тоа;
14. одлучува за правата, обврските и одговорностите на наставниот кадар од работниот однос кои не се во надлежност на органите и телата на Универзитетот и Факултетот;
15. формира постојани и повремени работни тела, за работи од неговата надлежност и утврдува надоместок за нивната работа согласно со актите на Факултетот;
16. одлучува за барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Факултетот;
17. врши и други работи согласно со закон, Уставот на МПЦ-ОА, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.
18. одобрува во итни случаи, платено отсуство од работа најмногу до 10 работни дена во еден семестар, а за подолго одлучува Наставно-научниот совет;

19. го реализира одобрениот финансиски план како наредбодавец;
20. одлучува за користење на средствата за репрезентација;
21. одлучува за користење на средствата на Факултетот за определени намени;
22. одлучува по барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Факултетот.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Уставот на МПЦ-ОА, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува САС на МПЦ-ОА, кој донесува одлука по спорното прашање.

## Избор на декан

**Член 66**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор.

Одлуката за изборот на декан, односно продекани ја потврдува САС на МПЦ-ОА.

**Член 67**

Наставно-научниот совет го врши изборот на декан на седница, со тајно гласање, на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Наставно-научниот совет донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан, во која се определуваат роковите и начинот на спроведување на постапката за избор и составот на изборната комисија што ќе ја спроведе постапката за избор во согласност со Статутот на Универзитетот.

Избран за декан се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет.

## Престанок на функцијата декан

**Член 68**

На деканот, функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:
1. ако поднесе оставка од функцијата за којашто е избран;
2. ако настане трајна спреченост за вршење на функцијата;
3. ако е разрешен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот;
4. ако е разрешен од страна на Наставно-научниот совет на САС на МПЦ-ОА;
5. во други случаи определени со закон.

**Член 69**

Ако Наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека е разрешен на истата седница и се известува САС на МПЦ-ОА да именува вршител на должноста декан.

Деканот кој е разрешен има право на приговор до САС на МОЦ-ОА во рок од 8 дена од денот на разрешувањето.

Одлуката на САС на МПЦ-ОА по приговорот е конечна.

Одредбата од претходниот став се применува и во случаите кога мандатот на деканот престанал во други случаи утврдени со член 68 од овој Статут.

**Член 70**

Разрешувањето на деканот се врши на ист начин и постапка како и за неговиот избор.

## Продекани

**Член 71**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите. Продеканите вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

**Член 72**

Факултетот има 2 продекани, кои ги предлага деканот.

**Член 73**

Продеканите се избираат од страна на Наставно-научниот совет, по предлог на новоизбраниот декан.

Гласањето за избор на продекани се спроведува на ист начин како за избор на декан.

Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

Мандатот на продеканите, по правило, е три години со право на уште еден избор.

**Член 74**

Продеканите за својата работа одговараат пред деканот.

Деканот може да поднесе предлог до Наставно-научниот совет за разрешување на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција, не ја извршува или несовесно ја извршува функцијата на која е избран, или на лично барање од продеканот.

Деканот назначува в.д. продекани за време најмногу до шест месеци.

**Член 75**

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Продеканот истовремено не може да биде и раководител на наставно-научна организациона единица на Факултетот.

Со престанок на мандатот на деканот престанува функцијата (мандатот) на продеканите.

В.д. деканот може да назначи в.д. продекани.

## Деканатска управа

**Член 76**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот.

Деканатската управа ја сочинуваат: деканот, продеканите и претставник од факултетското студентско собрание.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

**Член 77**

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
2. донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
3. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат Наставно-научниот совет и деканот;
4. одлучува по предлозите од Наставно-научниот совет;
5. донесува одлуки за меѓународни проекти;
6. донесува план за јавни набавки;
7. донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на органот на управување, согласно со Законот за јавните набавки;
8. одлучува по жалба на студентите против одлуките на деканот;
9. формира разни комисии и тела;
10. презема мерки за подобрување на работната дисциплина на Факултетот;
11. одлучува за правата од работен однос во втор степен;
12. врши и други работи определени со овој Статут.

**Член 78**

Деканатската управа работи на седници. Деканатската управа ја свикува и на седниците претседава деканот.

Деканатската управа може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од членовите на Деканатската управа.

# IX. СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

## Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии

**Член 79**

За организирање на вториот циклус студии – последипломски студии се формира наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии (во натамошниот текст: колегиум).

Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Статут.

Колегиумот го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени со студиската програма.

**Член 80**

Колегиумот:

- му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на втор циклус студии и за селекција на кандидатите;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено студиски програми на други факултети;
- се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
- расправа по приговори/жалба во врска со уписот и носи одлуки по нив;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;
- ја подготвува и ја спроведува постапката за пријава, одбрана и оцена на магистерскиот труд;
- ги подготвува точките од дневниот ред на седниците на Наставно-научниот совет кои се однесуваат на постапката за пријавување, оцена и одбрана на магистерските трудови и ги доставува до деканот;
- доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
- на Наставно-научниот совет му предлага наслови на темите на магистерските трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
- на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оцена и одбрана на магистерските трудови;
- утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од вториот циклус студии;
- врши и други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

## Раководител на колегиумот

**Член 81**

Со колегиумот раководи раководител.

Колегиумот го избира раководителот од редот на своите членови.

Раководителот на колегиумот се избира со мандат од 3 години, со можност за реизбор.

Раководителот:

- ја организира и ја раководи работата на колегиумот;
- ги подготвува, свикува и ги води седниците на колегиумот;
- се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на колегиумот;
- ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;

- ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на колегиумот;

-ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;

- врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставно-научниот совет и деканот.

**Член 82**

Одредбите од овој Статут за колегиумот и раководителот соодветно се применуваат и за специјалистичките студии доколку се организираат.

За прашањата за кои одлучува Наставно-научниот совет, предлозите и мислењата на колегиумот се доставуваат до Наставно-научниот совет во функција на одлучувањето, а Наставно-научниот совет нема обврска да ги прифати.

## Одбор за соработка и доверба со јавноста

**Член 83**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност во вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста согласно со закон.

# X. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 84**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др., се применуваат во работењето на Факултетот доколку се во согласност со Уставот на МПЦ-ОА и актите на основачот.

# XI. ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА

**Член 85**

Начинот на работа (деловнички прашања) на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела и комисии, како и на организационите единици се утврдени со деловник.

# XII. СТУДИИ

**Член 86**

Факултетот организира студии од трите циклуси на студии: прв циклус – додипломски студии, втор циклус – последипломски студии и трет циклус – докторски студии.

## Прв циклус на студии

**Член 87**

Студиските програми за прв циклус го оспособуваат кандидатот:

- за самостојно и творечко вршење на високостручни работи од студиските области на Факултетот;
- за самостојно следење на развитокот на науката.

**Член 88**

Првиот циклус на студии се остварува согласно со закон, овој Статут, Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии и со студиската програма на Факултетот.

Студентите од прв циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став студентот не ги заврши студиите, со одлука на Факултетот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Доколку по истекот на рокот настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма врз основа на општ акт на Факултетот.

**Член 89**

Наставните обврски се состојат од: предавања, аудиториумски и лабораториски вежби, изработка на семинарски работи, елаборати, проекти, изработка на домашни работи, студентска стручна практика, теренска настава, консултации и испити, во обем утврден со студиската програма.

**Член 90**

За секој предмет што се предава треба да постои објавен учебник, скрипта или умножени предавања на македонски јазик.

Ако учебникот, односно учебното помагало не ја покрива целата предметна програма, тогаш должност е на наставникот, на почетокот на семестарот, на студентите да им ја стави на располагање разликата на необјавени предавања во вид на умножени предавања.

## Втор циклус на студии

**Член 91**

Вториот циклус на студии се остварува согласно со закон, овој Статут, студиската програма и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и на втор циклус на студии.

Студентите од втор циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став студентот не ги заврши студиите, со одлука на Факултетот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Доколку по истекот на рокот настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма врз основа на општ акт на Факултетот.

## Трет циклус на студии - докторски студии

**Член 92**

Третиот циклус на студии се остварува согласно со закон, овој Статут, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии.

Периодот за студирање и истражување се смета за завршен со успешна одбрана на докторска дисертација и објавување на резултатите од истражувањето.

Студиската програма за докторски студии се состои од предавања, истражувања и изработка на докторска дисертација.

Начините на супервизирање на истражувањата, како и процедурите за проверка на компетенциите за кандидатите што подготвуваат докторат, поблиску се уредуваат со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии.

Кандидатите на трет циклус на студии се сметаат како студенти на докторски студии, но и како истражувачи на почетно ниво.

## Програми за стручно и професионално усовршување

**Член 93**

На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

Со одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член се уредуваат условите за запишување, следење и завршната проверка на знаење на лицата што ги посетувале овие програми, како и цената што ја плаќаат за нивна посета.

Покрај програмите од став 1 на овој член, Факултетот може да организира различни облици на неформално учење согласно со закон.

Одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член ја донесува Наставно-научниот совет, по предлог на Деканатската управа.

**Промоција на завршени студенти**

**Член 94**

На Факултетот се врши промоција на студентите што дипломирале, односно магистрирале. Дипломите и наградите на најдобрите дипломирани студенти ги доделува деканот на Факултетот.

**Визитинг-професори**

**Член 95**

По покана од Наставно-научниот совет, признати научници од земјата и странство можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време.

Визитинг-професорот може да престојува најмногу две последователни академски години.

Визитинг-професорот не може да врши оценување на студентите.

Условите под кои се врши дејноста од став 1 на овој член се утврдуваат со договор склучен помеѓу Факултетот и визитинг-професорот.

**Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници**

**Член 96**

Афирмирани научници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон и актите на Факултетот за избор во звање, по покана на Наставно-научниот совет, можат како специјалисти и експерти да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет.

Лицата од став 1 може да престојуваат најмногу половина семестар.

Лицата од став 1 на овој член не можат да вршат оценување на студентите.

## XIII. СТУДЕНТИ

**Член 97**

Статусот студент се стекнува со запишувањето на Факултетот. Запишувањето на студентите во прва година се врши според условите предвидени со Конкурсот за упис.

Бројот за запишување студенти е ограничен и се утврдува со Конкурсот за упис.

Условите на конкурсот ги утврдува Наставно-научниот совет секоја учебна година. Кандидатите, покрај другите документи, мора да имаат благослов и одобрение од својот епархиски архиереј.

Конкурсот е јавен и се објавува на сајтот на Факултетот и во црковниот печат.

**Член 98**

На Факултетот имаат право да се запишуваат под исти услови сите православни христијани кои завршиле богословија или некое четиригодишно средно училиште за општо образование, виша школа или факултет.

**Член 99**

На Факултетот може да се запишуваат лица кои дипломирале на други богословски факултети, виши школи, духовни академии и од други факултети.

На Факултетот можат да ги продолжат студиите и лица што дипломирале на богословска виша школа, на кои им се признаваат четири семестри.

**Член 100**

Признавањето на одделни положени испити од одделните наставно-научни студиски катедри се регулира со посебна одлука или на начин предвиден со овој Статут.

**Член 101**

На Факултетот не може да се запише лице што е осудено на казна строг затвор или казна затвор со траење подолго од 6 месеци, како и лице кое со пресуда на дисциплинскиот суд за студентите е исклучено од Факултетот, се додека трае казната.

**Член 102**

На Факултетот се запишуваат и вонредни студенти. Како вонредни студенти можат да се запишат лица што ги исполнуваат условите за запишување, а имаат својство на вработени, или лица кои од други оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Како вонредни студенти можат да се запишат и оние што редовно студираат на други високообразовни институции.

Наставно-научниот совет со посебна одлука, во зависност од природата на наставата, може за вонредните студенти да определи соодветен број задолжителни вежби, семинари и други облици на настава, како и да утврди посебни рокови и други олеснувања.

Вонредните студенти ги имаат истите права како и редовните студенти, освен правата што со посебни прописи се сврзани со статусот на редовните студенти.

**Член 103**

Запишувањето на студентите во секој семестар го врши Секретаријатот на Факултетот – Отсекот за студентски прашања, во период од 10 дена пред почетокот на секој семестар.

Во определени случаи, по молба од студентот, деканот може да одобри дополнителен упис, најдоцна во рок од 30 дена по истекувањето на рокот од став 1 на овој член.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 104**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет.

Согласност на овој Статут дава САС на МПЦ-ОА.

**Член 105**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во Билтенот на Факултетот.

**Член 106**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи претходниот Статут на Факултетот.

**Член 107**

Овој Статут влегува во сила со одлуката за одобрување донесена од страна на САС на МПЦ-ОА (потврден со Одлуката на САС бр.42 од 20.03.2020).

**Декан**
**Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски**

Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, на својата редовна седница одржана на 12 март 2020 година, го разгледа, прифати и одобри предлог-текстот на измените и дополнувањата на Статутот на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, согласно чл. 24 т. 19 и чл. 168 од Уставот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, по опстојна дискусија ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија со предложените измени и дополнувања го потврдува предлог-текстот на Статутот на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје.

Овој Статут влегува на сила од неговото објавување во Службениот весник на МПЦ-ОА.

Со потврдувањето на овој Статут, престанува важноста на поранешниот Статут.

Одлуката да се достави до:

- Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје,
- Архивата на САС на МПЦ-ОА.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СВЕТИОТ АРХИЕРЕЈСКИ СИНОД НА
МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ
†СТЕФАН, с.р.

## Содржина

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ....................2
Предмет на уредување....................2
Статус, основна дејност, улога и задачи....................2
Назив и седиште....................3
Датум на основање....................4
Својство на правно лице....................4
Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот....................4
Веб-страница на Факултетот....................4
II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА....................5
III. ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА....................5
Печат....................5
Штембил....................6
Знаци и други обележја....................6
Ден на Факултетот, награди и признанија....................6
IV. МАТЕРИЈАЛНА ОСНОВА, УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ....................7
Средства за работа на Факултетот....................7
Вкупен приход и расход на Факултетот....................7
V. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ....................7
VI. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ....................8
Катедри....................9
Лабораториски кабинет....................9
Археографска комисија....................9
Институти....................9
Стручна и административна служба....................9
Отсек за студентски прашања....................10
Отсек за материјално-финансиско работење....................11
Библиотека....................11
VII. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО....................12
Факултетско студентско собрание....................12

Заменик-студентски правобранител....................................................................................13
Учество на студентите во управувањето .........................................................................13
VIII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ ....................................................................................13
Наставно-научен совет.....................................................................................................13
Надлежности и одлучување на Наставно-научниот совет .................................................14
Декан...............................................................................................................................17
Надлежност на деканот....................................................................................................18
Избор на декан.................................................................................................................19
Престанок на функцијата декан.........................................................................................19
Продекани ........................................................................................................................20
Деканатска управа.............................................................................................................21
IX. СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ.............................................................................21
Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии...........................21
Раководител на колегиумот................................................................................................22
Одбор за соработка и доверба со јавноста..........................................................................23
X. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..............................................................23
XI. ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА...........................................................................................23
XII. СТУДИИ.......................................................................................................................24
Прв циклус на студии .......................................................................................................24
Втор циклус на студии.......................................................................................................25
Трет циклус на студии - докторски студии .........................................................................25
Програми за стручно и професионално усовршување .......................................................25
Промоција на завршени студенти.......................................................................................26
Визитинг-професори..........................................................................................................26
Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници............................................26
XIII. СТУДЕНТИ...................................................................................................................26
XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..............................................................................27